МАТЕМАТИЧКИ ОМНИБУС, 10 (2021), 121 – 139
http://im-pmf.weebly.com/matematicki-omnibus-kniga-10.html

# УЛОГАТА, ПРИМЕНАТА И ВАЖНОСТА НА ТУТОРСТВОТО ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА 21 ВЕК

*Анкица Спасова* [1]
*Викторија Илиеска* [2]
*Методија Јанчески* [3]

## 1. ВОВЕД

Истражувања на меѓународно ниво, истражувања во државата, интегрална инспекција, менување на наставни планови и национални стратегии, родителски критики итн., но видлив резултат, нема на повидок.

Пред да ги наведеме наодите кои ги дијагностицираат состојбите во образованието во Р. Северна Македонија и влијаат на зголемената потреба од туторство, да споменеме дека ќе зборуваме за туторството во рамките на формалното образование, коешто е присутно од предучилишната возраст до високото образование. Иако скоро секој образован возрасен човек може да му помогне на ученик од пониските одделенија на основното образование во вежбање читање и говор, броење или основна математика, со голема доза на стрпливост при објаснувањето, сепак, постојат области каде што се потребни посебни стручни познавања, искуство и континуирана надградба на туторот за ефективна работа. Бројот на луѓе коишто можат да помогнат во совладувањето на наставниот материјал е ограничен.

Несовладањето на наставниот материјал од страна на учениците, наставниците честопати го лоцираат во ученичкото неактивно присуство, коешто од друга страна кај учениците резултира со барање помош дома, помош од пријатели и роднини.

Учениците, пак, тврдат дека прво се обраќаат до наставниците, а доколку наставникот нема иницијатива или доколку не е во можност подобро да им го доближи материјалот, дури тогаш бараат помош од тутори. Кажуваат и дека дополнителна настава не се одржува редовно, но и дека самите делумно ја избегнуваат, зошто истиот наставник со користење на истите методи на настава нема ништо повеќе да ги научи од она сработено на самиот наставен час.

Наше лично видување, како автори и активни учесници во наставниот процес, е дека тука донекаде и учениците и наставниците се на

половина пат до вистината. Не е ниту само до поставената наставна програма, ниту до ангажираноста на учениците и наставниците, туку и до пристапот и методите на работа во наставата. Наставниците на самиот час „жонглираат“ меѓу потребите на послабите ученици (да не заостанувaат со совладување на материјалот), потребите на просечните ученици и на крај и потребите на подобрите ученици кај коишто постои опасност да не го поттикнат и искористат целосно нивниот потенцијал.

Дури и наставниците кои спроведуваат додатна настава, тешко ја организираат заради неконтинуираната заитересираност на учениците.

Со ова се наметнува прашањето - не каде да ја бараме одговорноста, туку како да ја промениме целата образовна конструкција. Како, ние наставниците, преку воспитно-образовниот процес, да ги водиме учениците во нивниот когнитивен, социо-емоционален и психомоторен развој, со нашите професионални улоги, како да ги мотивираме и како да извлечеме максимум од секој ученик, но и како да го дадеме својот професионален максимум. Рутинскиот дел во пренесувањето на знаењето сѐ повеќе се намалува и се заменува со креативно планирање на целиот наставен процес.

Модерниот едукатор, не е веќе предавач и оценувач, напротив улогите се побројни. Модерниот едукатор сега треба да е планер, дијагностичар, организатор, водач, истражувач, иноватор и советник. А, различните надлежности ги наметнуваат потребите од различни компетенции. Наставникот е во ситуација кога треба да ги „игра” улогите на: автор, креатор, веб-програмер, графички дизајнер, видео-аудио продуцент, автор на мултимедијални содржини, тутор и координатор, [5].

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОМОТ ТУТОРСТВО

Во самата „Концепција за воннаставнички активности во основното образование”, дадена од Бирото за развој на образованието на Република Македонија (БРО), [1], како едни од воннаставничките активности се наведуваат “Туторски/менторски активности”, па неопходно е да направиме динстинкција на овие поими.

***Менторство*** е процес при кој учениците соработуваат со ментор (едукатор, професор) кој ги насочува, советува, мотивира и го поддржува развојот на нивните знаења, вештини и способности за реализирање на нивните лични, академски и кариерни цели, за продолжување со нивното

образование преку однос базиран на доверба и почит. Притоа, нема класично предавање, туку дискусија, консултација во основно/средно училиште (дополнителна настава, матурски теми, натпреварување) и на факултет (изработка на дипломска и магистерска работа).

***Туторство*** е процес при кој еден ученик е инструиран од тутор (приватен инструктор кој учи индивидуални ученици по конкретен предмет/вештина). Методот „еден-на-еден" му дава можност да го подобри знаењето/вештините на ученикот многу побрзо. Обично туторите работат со ученици на кои им треба драстично подобрување на знаењето, но предаваат и напреден материјал на ученици со особени способности и мотивација, [10].

Широк е спектарот на образовниот профил на туторите, од професионални тутори до неформални тутори, но кои соодветно доволно ја познаваат одредената област за која поучуваат. Туторството е важно дополнување на наставата во училница, а за некои ученици тоа претставува апсолутно неопходна активност без која би се довеле во прашање совладувањето на наставниот материјал и стекнувањето на соодветни знаења и вештини. Туторите имаат можност и слобода да ги прилагодат лекциите според потребите, интересите и способностите на секој ученик, индивидуално. Тие градат индивидуална врска со секој од учениците и тоа можат да го прават брзо, бидејќи секоја туторска сесија вклучува двајца, од кои едниот поучува, а другиот учи.

По терминолошкото дефинирање, еве и две наставнички искуства:

*“Менторството е далеку поквалитетно и попочитувано од туторството (подучувањето), зошто е водење на некого во светлото на искуството што менторот го стекнал за време на неговиот живот. Додека подучувањето треба да реши краткорочни, непосредни или специфични проблеми”,* [9].

*“И менторските и туторските активности вклучуваат промовирање на достигнувања и усвојување позитивни ставови кај деца, адолесценти и возрасни. Туторство е термин што се користи во академските кругови за да им помогне на поединците кои заостануваат во студиите или имаат проблеми со стекнување на концепти во голема групна околина”,* [9].

Како што може да се заклучи, станува збор за два сосема различни термини, кои често во литературата и изразувањето се поистоветуваат.

Затоа треба внимателно да се користат.

## 3. КОМПЕТЕНЦИИ НА ТУТОРИТЕ

Од туторите често се бара да имаат соодветна стручна подготовка, но покрај располагањето со соодветни знаења и вештини, ним им е потребна и соодветна методско-дидактичка подготовка, како и психолошка подготовка.

Во поглед на методско-дидактичката подготовка, туторот треба да биде оспособен да го пренесе знаењето на учениците, да знае да ги согледа нивните пропусти во врска со одреден наставен материјал и да презема соодветни мерки во нивно надминување, притоа да прави индивидуални планови со секој ученик пооделно. Нему му се потребни соодветни говорни карактеристики и комуникациски вештини, да знае како да го поттикне ученикот на размислување и решавање на учебни задачи, а истото да е проследено со соодветно одобрување и пофалба по секоја успешно решена задача или проблем.

Бидејќи туторските сесии се персонализирани и индивидуализирани, скоро да е невозможно некому да му се каже буквално како да ја извршува својата туторска функција, [100].

Секој тутор, секој ученик и секоја туторска сесија се различни меѓу себе. Многу е важно туторот да биде флексибилен и спремен за брзи промени на сопствените идеи и стратегии, во сите можни учебни ситуации. Секако, туторот треба да се грижи да ја направи секоја туторска сесија полесна, поинтересна и поефективна. Тој може да влијае позитивно на надминување на евентуалните стравови кај учениците кои постојат од најразлични причини.

Секој што ја извршува туторската функција треба да знае дека е тоа тешка и одговорна функција и дека не секогаш туторските сесии завршуваат со обострано задоволство. Причините за тоа можат да бидат најразлични, од неподготвеноста на ученикот или туторот за таа сесија, преку несоодветен пристап, преголеми очекувања за кратко време, пројавување нестрпливост, видно незадоволство од учинокот на ученикот и слично.

Најголемиот дел од времето туторството е едноставна работа, се сведува на помагање ученикот да го научи она што туторот веќе го знае.

Тоа значи пренесување на информации и вештини на ученикот во поедноставена прилагодена форма. Туторите понекогаш може да бидат во втор план, наведувајќи ги учениците повеќе самостојно да работат, да се обидуваат и учат. За многу тутори, практикувањето туторство им помага да ги подобрат комуникациските вештини, да станат подобри слушатели, да станат потрпеливи, пољубезни, подобро да ги разбираат другите и подобро да го разбираат светот околу себе, [100].

Кога ученикот ќе сфати дека туторот природно е заинтересиран за ученикот и дека е воспоставена цврста врска тутор-ученик, тогаш туторството станува искуство исполнето со моменти на задоволство, сатисфакција и забава. Туторското партнерство пред сè се базира на концептот наречен прифаќање. Прифаќањето е суштинска основа за силна, успешна туторска врска и основа за ставовите и праксата. Првиот чекор во прифаќањето е усвојувањето на одредени ставови кои ги ублажуваат стравувањата на учениците и ги прават поотворени за соработка. Суштинските ставови за туторство, кои всушност произлегуваат од прифаќањето на туторот, вклучуваат давање надежи, прикажување ентузијазам, интерес и емпатија.

Три основни пракси коишто се препознаени како корисни при создавањето удобна и успешна туторска врска се: трпеливост, опсервација на ситуацијата со поставување прашања и разбирање на учениците на нивното сопствено ниво.

## 4. НАСТАВНИ МЕТОДИ И ТЕХНИКИ

Една од најзначајните работи околу туторството е дека при работата со ученици еден-на-еден, па дури и во мали групи, туторите можат да експериментираат со различни приоди и методи за што многу малку наставници имаат време. Туторот секогаш има можност да согледа како неговите ученици учат најдобро и да го прилагоди своето поучување на нивните индивидуални стилови на учење и нивните потреби.

Постојат многу креативни начини за практикување на туторството и за мотивирање на учениците. Стратегиите за изведување туторство изработени за конкретни ученици покажуваат колку е важно личното внимание и разбирање на процесот на учење.

Голем број од туторите во текот на работата со нивните ученици откриваат посебни наставни методи и техники кои се успешни во работата со конкретните ученици. Бидејќи сите ученици и сите тутори се различни, такви се и решенијата за избор на наставни методи, па оттука не постои проблем што има само едно решение.

Не постојат шаблони за изведување на туторството. Сепак, постојат неколку водечки концепти што се во основата на најуспешните наставни методи и техники. Најефективните туторски методи овозможуваат учениците да се вклучат и да се заинтересираат, ги ублажуваат стравовите на учениците, им овозможуваат на учениците да водат, ги предизвикуваат учениците и ги препознаваат ученичките трикови да бараат од туторите да им помагаат повеќе од понуденото.

Друг важен аспект на туторството е во креативниот процес на избор на наставните методи врз основа на единствениот увид во личноста, мотивациите и интересите на ученикот.

## 5. СОУЧЕНИЧКО “ТУТОРСТВО”

Актери на првите манифестации на соученичкото туторство биле ученици кои играле улога на сурогат наставници чија главна цел била пренесување знаење. Во современ контекст, соученичкото туторство вклучува ученици коишто припаѓаат на слични социјални групи, кои не се професионални наставници и кои меѓусебно си помагаат во учењето.

Во многу традиционални образовни системи туторите-соученици не се наставници, тие немаат професионални квалификации и немаат можност формално да го вреднуваат знаењето и да ги оценуваат своите соученици. Исто така, тие немаат никакво влијание врз наставните материјали и ресурси, [6]. Една од карактеристиките на соученичкото туторство е еднаквоста на статусот на туторот и ученикот. Тоа придонесува за поголемата слобода што ја манифестираат учениците при поставување на прашања кон своите тутори-соученици, без страв дека можеби поставуваат „глупави“ прашања. За време на туторските сесии учениците поставуваат и прашања кои многу ретко или никогаш не би ги поставиле на своите наставници во текот на редовната настава.

Организацијата на соученичкото туторство вклучува три клучни променливи: статусот на учесниците, местото на активноста и преземените улоги. Туторите и нивните ученици можат да припаѓаат на различни

образовни институции, да бидат ученици во исти или во различни училишта, да следат исто ниво на образование или туторот да следи повисоко ниво на образование. Не се ретки случаите кога туторите се студенти или дипломирани студенти кои им помагаат на други ученици или студенти.

Туторите-соученици можат да бидат корисни за учениците со кои ги изведуваат туторските сесии на повеќе полиња. Некои од придобивките се видливи и наменски предизвикани од страна на туторите, но голем дел од придобивките стануваат видливи на подолг рок. Соучениците-тутори можат да им помогнат на учениците со кои работат во развојот на когнитивните вештини, во развој на комуникациските вештини, во подигнување на академскиот учинок, во пристапите кон учењето, во зголемување на мотивацијата за учење, во поголема вклученост во наставниот процес, во поактивниот пристап кон училишните обврски и друго, [6].

Секако, улогата на соученик-тутор треба да им се доделува на учениците кои исполнуваат одредени критериуми, наведени како компетенции на тутори во насловот 3. Но, потребна е и свесност да не се предизвикуваат непријатни ситуации со учениците, знаење како да се избегнуваат можни конфликтни ситуации предизвикани од страна на учениците, а притоа максимално да се почитува личноста, без разлика на ученичките способности, знаења и вештини. Меѓу останатите вештини коишто треба да ги поседуваат туторите ги вбројуваме и следните: стрпливост, упорност, посветеност, педантност и одговорност.

Бидејќи најчесто соученичкото туторство во својата суштина е волонтерска активност, многу е важна мотивацијата на соучениците тутори за работа со други ученици. За некои ученици доволна мотивација е можноста да работат со други соученици и да им помагаат во совладување на наставните содржини. Наставниците и образовните институции треба постојано да работат на изнајдување на соодветни форми и активности за наградување на активноста на учениците-тутори, особено на оние коишто постигнуваат видливи резултати во практикувањето на туторството, што се гледа преку постигнатите резултати на учениците кои тие ги поучуваат.

Наставниците и образовните институции се одговорни за организацијата и реализацијата на целиот процес на туторството. Тие треба

постојано да им бидат на располагање на учениците-тутори за најразлични совети. Треба периодично да организираат средби со учениците-тутори и со нив да споделуваат корисни информации во врска со туторството. Секако, училиштата се должни да организираат и соодветни обуки за учениците-тутори.

Во овој контекст треба да се спомене дека во 80-тите и 90-тите години на минатиот век, во средните училишта во Македонија, еден ден во годината беше посветен на таканареченото ученичко самоуправување. На тој ден улогата на наставници по секој од предметите во училиштата ја преземаа најдобрите ученици, одбрани од нивните наставници според најстроги критериуми. Практично, во тие денови целокупната настава со полн капацитет на нивните наставници ја изведува ученици. Таа идеја дава насоки и за спроведување успешни активности денес.

## 6. ТУТОРСТВОТО ВО МАКЕДОНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Обид за туторство во Македонија беше направен со проектот за туторство, спороведен од МОН, 2016 година. Идејата беше учениците да добиваат бесплатни дополнителни часови од студенти-тутори (со просек најмалку 8). Од „Интерактивен портал за тутори“, [8], каде што се пријавуваа студенти, родителите бираа тутор. Една година подоцна резултатите од проектот беа занемарливи. Аплицирале само 4 студенти, двајца станале тутори и подучувале вкупно 5 ученици. Една студентка била тутор на тројца ученици по математика и од нив двајца ги подобриле оценките.

Сето тоа нѐ наведе да направиме истражување со цел да провериме колку нашите ученици го практикуваат туторството во образовниот процес. Истражувањето беше спроведено во 10 општини во Р. Северна Македонија, на примерок од 324 ученици, кои посетуваат основни државни училишта, во предметна настава. Анализата на податоците добиени врз основа на Анкетниот прашалник (прилог 4.), ги покажа следниве резултати:

– Учениците потврдија дека не ја посетуваат редовната дополнителна настава во училиште (над 75% од испитаниците).

– Учениците не секогаш бараат дополнителна помош (дополнително дообјаснување), туку тоа го прават по потреба зависно од наставната

содржина (високи 76%), наспроти континираното туторство застапено само со 8%, (График 1.).




**График 1.** Користење дополнителна помош.

– Учениците дополнителната помош најчесто ја добиваат од родителите и со нив најпријатно се чувствуваат да ја постигнат целта за совладување на нејасната наставна содржина (58%). Потоа следи туторството од своите другарчиња (19%) и со наставници кои ја наплаќаат истата услуга, но во втората и во третата категорија зголемен е бројот за полесно постигнување на целта, доколку се одлучат тоа да го направат со нив.

– Учениците потврдија дека го фаворизираат индивидуалниот пристап при совладување на нејасната наставна содржина, податок што се совпаѓа со формалниот образовен процес.

– Во однос на понудените наставни предмети, каде што учениците имаат потреба од туторство, во тесна „трка” се странските јазици (40%) и математиката (30%), по што следува физика, со половина проценти од математика, па блиску е хемија, додека најмала побарувачка на тутори има во биологија  (График 2.)




**График 2.** Туторство во зависност од наставните предмети.

– Интересни се податоците за мотивите зошто се бараат тутори, каде што сепак поголем дел од испитаниците избрале – продлабочување на своето знаење (40%), наместо – повисока оценка (иако голем процент

од испитаниците се одлучиле и за оваа опција, 33%), а не е мал бројот и на испитаници чиј мотив е поголема можност за запишување во посакуваното средно училиште.

– Учениците не се запознаени со „Интерактивен портал за тутори" од проектот за туторство на МОН, 2016 година, [8], а воопшто и не знаат каде би побарале професионални тутори, освен еден ученик кој ја наведува online едукативна платформа наречена ODAS Education, каде што студенти од средно и основно прават едукативни видеа со цел да им се помогне на учениците.

Заклучоците коишто произлегоа од анализата на податоците се:

– туторското партнерство се базира на прифаќање (затоа учениците најпријатно и најлесно целта ја постигнуваат со своите родители и соученици),

– во нашата земја Концептот за туторство на МОН од 2016 година, [8], воопшто не е промовиран за да ги заинтересира учениците како корисници, ниту студентите како даватели на услуги,

– се побива стереотипот дека туторите служат само да се задоволат желбите на родителите за повисоки оценки,

– треба да се работи на тоа наставникот во формалното школување да стане „попосакуваниот" тутор (од родителот, во улога на тутор)

– на крај, за нас можеби најважно – математиката е „сериозен проблем", за којшто треба да следат низа истражувања, зашто се бараат тутори токму по математика, дали е заради неприлагодената наставна програма на возраста, преобемноста на материјалот, методологијата на пренесување на наставната содржина или заради нешто друго.

Со истата цел спроведовме две студии на случај на училишно ниво. Поради специфичноста при проучувањето на одредени педагошки појави, со цел да се увиди динамиката на одредени конкретни однесувања низ одреден временски период, се послуживме со методот студија на случај. Иако добиените податоци не може да ги генерализираме, сепак може да дадат насоки или да бидат прелиминарна алатка за понатамошни истражувања со поголем репрезентативен примерок. Друга причина за изборот на овој метод е што е еден од најдобрите за истражување и унапредување на школската пракса, каде што се проучуваат проблеми кои имаат директна врска со реалните животни ситуации, односно разбирање и расветлување на појавите во нивниот природен реален контекст, [2].

Студиите на случај кои ги спроведовме се делумно поттикнати и од одредени наоди од истражувањето за организацијата и реализацијата на воннаставните активности, од страна на БРО во соработка со Детската Фондација Песталоци: Туторски/менторски активности се ретко застапен облик на воннаставна активност; се организираат по потреба, а не систематски, главно, затоа што наставниците не гледаат корист за сопствената работа од ваквите активности, а учениците корисници на соученичка помош ги доживуваат како поголема пречка за разлика од учениците што би биле во улога на ментори/тутори. Нема докази дека воннаставните активности директно придонесуваат за подобрувањето на училишниот успех на учениците, [3].

Иако, како што напоменавме, со добиените податоци не е можна генерализација и изведување општи заклучоци, сепак, секој наод од погоре споменатато истражување од БРО, беше побиен во двете студии.

Во Прилог 1, е дадена **„Студија на случај – Зошто е потребно учениците да се запознаат со наставните цели и очекуваните исходи?“** Учениците целосно ја потврдија хипотезата за соученичкото туторство, како метод на работа за подобрување на постигнатиот успех. Многу лесно комуницираа на „соученичко“ ниво, под мониторинг на наставникот во улога на посредник и советник. Кога ги добиваа повратните информации од своите тутори, им се зголеми мотивираноста, а со тоа растеше ентузијазмот кај туторите. Самоиницијативноста, креативноста, а посебно одговорноста, се подигнаа на многу повисоко ниво.

Втората студија на случај „**Менторирање – основа за туторство од страна на ученици и соученици по предметот математика**“ (Прилог 2), беше спроведена од одделенски наставник, кој во 21 век, во голем дел ја има улогата на тутор. Познавајќи ги добро своите ученици, ги следеше нивните активности, одржуваше комуникација, им даваше поддршка, посебно ги стимулираше „тивките ученици“, ја одржуваше позитивна соученичката клима, ги охрабруваше дискусиите во групните задачи и го следеше нивниот напредок.

## 7. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Успехот на образовниот процес и неговите ефекти зависат од многу фактори, меѓу кои наставникот се истакнува со својата важност и улога како организатор, креатор и спроведувач на сите наставни активности,

особено со современото електронско предавање, кое се карактеризира со висок степен на знаење, стручност, сложеност, организација и интеграција на едукативните содржини.

Тој мора професионално да се подобри и да се трансформира од просечен наставник на традиционално училиште (во улога на извор на информации) во модерен наставник (во улога на ментор, советник, посредник-олеснувач помеѓу учениците и знаењето).

Додека, во врска со улогата на учениците, (имајќи ги предвид анализите на ПИСА) мора да го потенцираме фактот дека во успешните образовни системи, тие го совладуваат материјалот за време на престојот во училиштето и многу помалку време посветуваат на учење дома. Образовниот систем, преку институциите и наставниците, на сите ученици без разлика на нивното потекло и социоекономскиот статус, треба да им овозможи ефективно и ефикасно користење на времето поминато на училиште, со обезбедување на услови, поддршка и активности што ќе им помогнат во совладување на материјалот, за да не бидат премногу оптоварени со учење надвор од училиштето.

Активностите во воспитно-образовниот процес, треба да бидат такви што пред сѐ ќе ги создадат потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност, во согласност со неговите развојни потреби и интереси, а училиштето да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење. Во дидактичко-методските техники за оваа намена, на високо позиционирано место сигурно ќе се најде соученичкото туторство, од кое резултатите се повеќе од очигледни.

Светот е во континуирано менување, природно е и ние како едукатори, да ги менуваме методите и пристапите на работа. Притоа, различно од класичниот, ригиден учител, ќе треба да сме олеснувачи, соработници и интегратори. „Пожелни" особини на модерниот наставник се и:

– **адаптабилност** (на современата технологија),

– **континуирано учење (**„ажурирање" на образовните трендови),

– **технолошка флексибилност** (користење најнова технологија со претпазливост таа да не стане единствената применлива стратегија),

– **визионерство за кариерни ученички способности** (спремност и свесност за кариерните можности, без исклучок на ниту едно дете од фокусот на подготовка за иднината),

– **емоционална интелегенција** (грижа, давање совети, охрабрување),

– **релевантност** (наставната содржина да е фундаментална),

– **соработливост** (ефективност при соработка во тим со споделување идеи, знаења и искуство).

Во согласност со особините на учениците, еве неколку предлози:

– *Очекуваните исходи да се јасни, а повратната информација навремена* (се здобива лојалност, а за возврат учениците стануваат поангажирани),

– *Сакаат менторство* (да ги упатуваме и советуваме, но и да го споделуваме своето искуство и знаење),

– *Сакаат контрола и третман на соработници* (ако ја „нахраниме“ нивната потреба да се „главни”, веднаш ќе наидеме на одобрување),

– *Сакаат самостојно учење, во присуство на соученици кои исто самостојно учат* (при поделба во тимови, си поттикнуваат креативност и ентузијазам за споделување на финалниот производ со соучениците).

**Прилог 1.** Студија на случај: *Зошто е потребно учениците да се запознаат со наставните цели и очекуваните исходи*?

**Кус опис.** Примерок: 34 ученици распоредени во две групи, на возраст од 13 години (родени во 1996 година), со приближно еднаков просечен успех во прво тромесечие.

Испитаниците од првата група, 2 седмици пред завршувањето на првото полугодие, беа конкретно запознаени со наставните цели и очекуваните исходи, за наставната содржина која ја имаа изучено во првото полугодие и најдиректно им се посочи што ќе биде оценувано.

Додека во втората група се изврши само повторување по избор на самите ученици, водено од наставникот со добивање на усна повратна информација (без напомена кои наставни цели и очекувани исходи се содржат во Стандардите за оценување).

Во првата група, по првата фаза (самооценување), следеше втора фаза – работење во мали тимови (ученици-тутори им разјаснуваа одредени наставни цели и очекувани исходи коишто не им беа доволно или воопшто јасни на останатите сооученици од тимот). По завршувањето на двете фази за првата група и кај двете почетни првооформени групи, беше направена проверка за тоа колку се постигнати наставните цели.

**Цел.** Да се согледа потребата од запознавање на учениците со наставните цели и очекуваните исходи. Поточно, да се направи проценка дали учениците на кои им беа познати наставните цели и очекуваните исходи, ќе покажат поголема мотивираност и одговорност за постигнување на подобри резултати при совладување на предвидената наставната содржина.

**Методологија.** Учениците од првата група, откако беа информирани за стандардите за оценување на постигнувањата на учениците, преземени од БРО, користеа директно самооценување (покрај секоја наставна цел или очекуван исход кој не им беше јасен додаваа црвена точка, таму каде што им требаше дополнително појаснување – жолта точка и – зелена точка, онаму каде што сè им беше јасно). Потоа, при работа во малите тимови (некои беа парови) и при дискусиите прво во тимовите, а потоа и на ниво на целата група, доколку степенот на постигната цел или очекуваниот исход се промени, учениците ја менуваа бојата на точката. При работењето во тимови, соучениците од своите тутори добива постојано усна и писмена повратна информација. Доколку се појавеше потреба, „интервенираше“ и наставникот во доразјаснување на одредени наставни содржини (тој беше „тивок“ учесник во сите активности од процесот).

**Основни наоди:**

- Учениците од првата група активно се вклучија во сите фази.
- Учениците многу полесно комуницираат на „соученичко“ ниво, со задолжително добивање повратна информација од својот тутор, под мониторинг на наставникот (во улога на ментор, посредник, советник).
- При добивање повратни информации од своите тутори, се зголеми нивната мотивираност и ангажираност.
- Учениците коишто работеа со тутори, покажаа подобри резултати на тестот на знаење, при што просечниот успех им беше 3,3 наспроти просечниот успех на втората група – 2,3.

**Заклучоци / Препораки за работа во иднина:**

- На почетокот на секоја наставна тема и содржина, учениците треба да се запознаени со наставните цели и очекувани исходи.
- Ако им се напоменат активностите коишто треба да ги преземат и им се дозволи работење во тимови, под туторство од соученик, а менторство од наставникот, тогаш тие ќе бидат помотивирани

за учество во активностите и ќе постигнуваат повисоки успеси во совладување на наставната содржина.

- Да им се дозволи избор на тутор, доколку и тој е согласен, за полесно работење на индивидуално ниво, со флексибилно темпо на работа, но со даден термин за краен рок.
- Да им се посочи целта на самооценувањето – поголема објективност и продлабочување на сопственото согледување за сопствените постигнувања.

**Прилог 2.** Студија на случај: *Менторирање – основа за туторство од ученици и соученици по предметот математика.*

**Кус опис**: Примерок за менторирање на ученици: 49 ученици (27 ученици на возраст од 13 години – осмо одделение и 25 ученици на возраст 10 години – петто одделение). Од истиот тој примерок, во следната учебна година, доброволно се одбрани 10 ученици од шесто одделение и 7 ученици од деветтото одделение коишто за свои тутори по предметот математика одбраа ученици од деветто одделение.

Студијата се состои од 3 фази:

– Менторирање под надзор на одделенскиот наставник (кој во исто време е и наставник по математика во предметна настава) на ученици од петто одделение од страна на ученици од осмо одделение за проектот.

– Учење преку правење „Да, ти можеш", по избор кој ќе го направи наставникот. Учениците беа вклучени во пилот-програма која е креирана за да им помогне на учениците подобро да разберат како да ја користат секоја можност за пронаоѓање, развивање и следење на своите интереси, да ги зголемат своите шанси за среќа, добросостојба и успех во животот, како и во училиштето и во идните професионални кариери.

– Туторство на ученици од шесто одделение од страна на ученици од деветто одделение, и паралелно со тоа, на ученици од деветто одделение од нивните соученици, со заемен договор и по сопствен избор од страна на учениците. Притоа задачата на туторите беше да им помогнат на учениците во совладување на наставните содржини каде што наидуваат на тешкотии, работејќи според сопствено темпо.

– Проверка во тоа дали има подобрување во знаењата и совладувањата на наставните содржини по математика кај учениците од шесто

односно девето одделение. Предметниот наставник изврши проверка колку се постигнати наставните цели.

**Цел.** Фазата на менторирање треба да им помогне на учениците да станат посилни, посреќни, поздрави и успешни луѓе. Додека фазата на туторство се очекува да овозможи да се согледаат резултатите од ученичко и соученикото туторство како метод на работа, да се направи проценка колку учениците се спремни на соработка, со што би се зголемила мотивираноста и одговорноста кога работат на својот „ученички“ јазик.

**Методологија.** Во програмата за менторирање е применет таканаречен „БЕЗБЕДЕН“ пристап кој се состои од последователна низа на активности коишто се развојно соодветни за постигнување на целите на учењето кај ученици од осмо одделение: активни форми на учење, фокусираност и јасно поучување и учење. Програмата се реализираше преку лекции на час (спроведувани од наставникот), преку кои им се претставија на учениците важни социјални, емоционални и животни вештини и преку низа менторски активности (обезбедени и потпомогнати од наставникот), преку кои учениците од осмо одделение им ги пренесуваа на помалите ученици од петто одделение вештините што тие ги учат во рамки на оваа програма. Сегментите коишто беа опфатени се однесуваа на исполнување на соништата преку образованието, развојниот ум, важноста на љубопитноста, темелната пракса, неуспехот, издржливоста и добрите развојни навики.

Во втората фаза е применето туторството од соученици коешто произлезе како продолжување и некој вид позитивен резултат од првата фаза. Учениците од повисоките одделенија (деветто одделение) како тутори работеа со „своите“ ученици (од шесто и од деветто одделение) по своја желба, појаснувајќи им ги нејасните наставни содржини или делови од нив. При работењето „учениците“ од своите тутори добиваа постојано усна и писмена повратна информација, а доколку се појавеше потреба, интервенираше и предметниот наставник во давање идеи како туторот да примени одреден метод на работа. Наставникот беше во улога на мониторирање на целиот процес при соработка на туторите со „своите“ ученици.

Во третата фаза, наставникот, тековно на самите часови, вршеше проверка на постигнатите резултати преку тестови и наставни листови изработени за дадената содржина, како и преку нивна примена во нови

ситуации, бидејќи самите ученици беа и целна група за следење на нивниот напредок.

**Основни наоди:**

- Учениците многу полесно комуницираат на „соученичко“ ниво.
- При добивање на повратни информации од своите тутори, кај нивните „ученици“ се зголеми ангажираноста и одговорноста.
- Туторите ја зголемија својата одговорност (во улога на возрасни „наставници“) и мотив за подобри резултати на „својот ученик“.
- Повеќето ученици од шесто и деветто одделение беа задоволни од пристапот на своите тутори и постигнаа повисоки резултати при проверката на научените содржини од своите тутори.
- Интересот кон математиката се зголеми и учениците не ја доживуваат како нешто тешко и невозможно.
- Целокупната активност и желбата за учество беше видливо поголема во текот на активностите на секој час.

**Заклучоци /Препораки за работа во иднина:**

- Со овој метод се задоволува желбата на учениците да бидат соработници, а не само активни слушатели.
- Соученичкото туторство дава повисоки резултати при реализирање на очекуваните исходи.
- Изборот на тутор и неговата согласност дава можност за поголема соработка и повисоки резултати.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] В. Петроска-Бешка и др., *Концепција за вонннаставни активности во основното образование*, БРО, 2020. https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/Koncepcija-za-vonnastavni-aktivnosti-2020-1.pdf

[2] Е. Кростман, *Метод на истражување на случај*, https://mk.eferrit.com/метод-на-истражување-на-случај

[3] J. Јакимова, *Македонските ученици одат на училиште, а учат дома или по приватни часови*, https://www.radiomof.mk/makedonskite-uchenici-odat-na-uchilishte-a-uchat-doma-ili-po-privatni-chasovi/

[4] М. Кривоченко, *Дружба с отличниками улучшила успеваемость студентов*, https://naked-science.ru/article/psy/druzhba-s-otlichnikami?fbclid=IwAR0lOKG_QGl74GoajMFh4EERIhDRLZhZDhasU-z6Tgza0Vf3qi6q_zfnaMI

[5] M. Sekulović, D. Grujić, *New professional roles of teachers in electronic learning*, Professional papers vol 13.4, Knowledge International Journal (2016), 43-48, https://ikm.mk/wp-content/uploads/2019/05/13.4.pdf

[6] N. Falchikov, Learning together, *Peer tutoring in higher education*, Routledge Falmer, 2002.

[7] T. Chin, J. Rabow, J. Estrada, Tutoring matters, Everything you always wanted to know about how to tutor, Second Edition, Temple University Press, 2011.

[8] Интерактивен портал за тутори, http://tutori.mon.gov.mk/mk/

[9] Која је разлика између менторства и подучавања?, https://presmarymethuen.org/sr/dictionary/what-is-the-difference-between-mentoring-and-tutoring/

[10] TeachHoot.com – прва македонска платформа за онлајн приватни часови во виртуелна средина, http://studenti.mk/teachhoot-com-prvata-makedonska-platforma-za-onlajn-privatni-chasovi-vo-virtuelna-sredina/

[1] ООУ „Тихомир Милошевски”
ул. 1, бр. 62, Ѓорче Петров,1000, Скопје, Р. Македонија
*e-mail*: a_kaladziska@yahoo.com

[2] ООУ„Коле Неделковски”
ул. Антоније Грубишиќ, бр.8, 1000, Скопје, Р. Македонија
*e-mail*: vikiiki@gmail.com

[3] Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје
*e-mail*: metodija.jancheski@finki.ukim.mk

Примен: 29.3.2021
Поправен: 31.10.2021
Одобрен: 10.11.2021
Објавен на интернет: 3.12.2021